Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 199/0306
10.08 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29-ти јули 2022 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстовите на интернет - порталот „Мактел.мк“, насловени: „Коковчето од Струмица, Ели Панова до министрите и пратениците: Клетвите од народот ќе ви стигнат вас и вашите деца!“, „Кај го најдоа вмровците овој психопат: Ковачки ги колнеше децата на Ковачевски и Пендаровски, ги нарече пратениците на СДСМ изроди, му се закани на Ковачевски со затвор?!“, „(Видео) Дивјаци: Додека Ковачевски зборуваше на говорница, вмровците извадија зурли и свирчиња со цел да го спречат да се чуе вистината за македонскиот јазик во ЕУ!“ и „(Видео) Каков лудак, овој сака држава да води: Мицковски на Фон Дер Лејен и покажувал слики од гробови“, <u>отстапуваат од професионалните и етички стандарди</u>.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 23 јули 2022 година, политичката партија ВМРО-ДПМНЕ поднесе жалби за четири текстови, објавени на 14-ти јули 2022 година на интернет - порталот „Мактел.мк“ (www.maktel.mk).

Жалбата се однесува на следните текстови на „Мактел.мк“:

-„Коковчето од Струмица, Ели Панова до министрите и пратениците: Клетвите од народот ќе ви стигнат вас и вашите деца!“

-„Кај го најдоа вмровците овој психопат: Ковачки ги колнеше децата на Ковачевски и Пендаровски, ги нарече пратениците на СДСМ изроди, му се закани на Ковачевски со затвор?!“

-„(Видео) Дивјаци: Додека Ковачевски зборуваше на говорница, вмровците извадија зурли и свирчиња со цел да го спречат да се чуе вистината за македонскиот јазик во ЕУ!“

-„(Видео) Каков лудак, овој сака држава да води: Мицковски на Фон Дер Лејен и покажувал слики од гробови“.

Во жалбата на ВМРО-ДПМНЕ се наведува дека текстовите содржат неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно, дека во содржините се прекршени членовите 1, 10 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Од партијата, меѓудругото, забележуваат наословувањата искажани во текстовите „гласно крекаво коковче“, „гнасни копилиња“, „психопат“, „дезертер“, „ментално нестабилен лудак“.

Подносителот на жалбата упатува и на зборот „дивјаци“ во еден од текстовите, што го сметаат за навреда. Од ВМРО-ДПМНЕ дополнуваат и дека констатацијата на медиумот дека тие како партија сакале да спречат да се чуе вистината за македонскиот јазик е неточно информирање и произволен и паушален став.

Од ВМРО-ДПМНЕ, воедно, реагираат и наословувањето на нивниот лидер, Христијан Мицкоски, со зборот „лудак“ во еден од текстовите, што го сметаат за навреда. Од партијата дополнуваат и дека констатацијата на медиумот дека Мицкоски на претседателката на Европската Комисија, Фон Дер Лајен ѝ покажувал слики од гробови е неточно и тенденциозно пренесување на вест.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Мактел.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот, Саше Ивановски одговори на наводите на жалителот. Тој вели дека пратениците на ВМРО ДПМНЕ се однесувале дивјачки во Собранието, колнеле деца на пратеници и не им дозволувале да се слушнат нивните говори. Поради тоа, како што посочува Ивановски, како портал го осудувале тоа однесување и изразиле шок и гнев за таквите постапки во собранието.

*„Партијата која сега се жали за мене се однесува сто пати полошо од ова за што се жалат, но мислат дека нив се им е дозволено, а ние треба да молчиме и да бидеме неми посматрачи на нивното дивеење во државата“,* дополнува Ивановски во одговорот на жалбата.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно оцени дека во текстот е прекршен член 13, а со мнозинство гласови и член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 14***: *„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти“.*

**Во однос на останатите наводи на жалителот, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира прекршување и на членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите, на кои упатува подносителот на претставката.**

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Мактел.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата на 29-ти јули 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорните содржини.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за четири нестандардни новинарски текстови, кои се во спротивност со етичките и професионални стандарди. Станува збор за содржини блиски до жанрот „коментар“, кој сам по себе дозволува поголема слобода во изразувањето на новинарите, но тоа, секако, не смее да биде апсолутно и неограничено.

Авторот, кој не е потпишан на текстовите, користи непримерен и навредлив јазик кон неколку членови на партијата ВМРО-ДПМНЕ, а сите четири содржини ги сведува само на наслов или на наслов и една до две реченици. Во рамките на текстовите се поставени видеа од обраќањето на дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието и од прес-конференција на лидерот на партијата, Христијан Мицкоски, снимки кои веројатно „треба“ да ги потврдат непристојните квалификации, кои авторот ги упатува кон неколкумина членови на опозициската партија („гласно крекаво коковче“, „гнасни копилиња“, „психопат“, „ментално нестабилен лудак“). Комисијата констатираше дека оспорените текстови воопшто и не се означени како коментар или вметнати во соодветна рубрика, јасно одвоена од останатите новинарски содржини, туку се пласираат како стандардни вести.

Став на Комисијата е дека медиумите имаат право да искажуваат гледишта до степен на претерување, па дури и да упатуваат навреди, но само во исклучителни случаи, кога новинарот сака да привлече внимание за теми од широк јавен интерес или да поттикне силна јавна дебата, што во предметните текстови на „Мактел“ не е случај. Начинот на кој се обработени текстовите е тенденциозен и спротивен на **член 13** од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Ваквата отстапка е нагласена во сите четири текста на „Мактел“, како на пример во следните неколку реченици:

***„Каков лудак, овој сака држава да води: Мицковски на Фон Дер Лејен и покажувал слики од гробови“.***

***„Навистина гнасни гнасни копилиња се овие луѓе“.***

***„Кај ги наоѓаат вмровците ваквите ментално нестабилни лудаци“***

***“По Ковачки и Ели Панова, гласно крекаво коковче од Струмица со клетви до министерите и пратениците и до нивните деца.“***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Според Кодексот на новинарите, новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката. Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата.

Во продолжение, Комисијата оцени дека оспорените текстови на „Мактел.мк" имаат елементи со политичка заднина и се спротивни на начелата на **член 14** од Кодексот на новинарите, кој вели дека известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

При информирањето за политичките процеси и изборните кампањи, онлајн медиумите за сите политички субјекти треба да известуваат со точни и проверени информации и на непристрасен начин и треба да избегнуваат самите да користат потпалувачка реторика и обвинувања.

Во однос на наводите на жалителот дека дел од спорните текстови на „Мактел.мк" содржат навреда, Комисијата се согласи дека и во случајов, останува на веќе воспоставената пракса и надлежности да не расправа и утврдува евентуално постоење на навреда или клевета. Став на Комисијата е дека таквата проблематика е судска материја. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ и да утврдува евентуално прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

*** Пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случајот Lingens Vs Austria 1986.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

„Границите на прифатлива критика се пошироки во однос на политичарите како такви, отколку во однос на приватните лица. За разлика од приватните лица, политичарите неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело, како од страна на новинарите, така и од страна на пошироката јавност и, според тоа, мора да покажат поголем степен на толеранција."

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Мирче Адамчевски, Сефер Тахир, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595